Врз основа на член 3-б став (7) и член 3-л став (4) од Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 04/02, 49/03, 13/06, 88/08 и 35/11), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК

## за прилозите кон барањето за добивање дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг и барањето за издавање на дозвола за статусни промени, начинот на нивното доставување и начинот и постапката за нивно оценување

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат прилозите кон барањето за добивање дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг и барањето за издавање на дозвола за статусни промени на давател на финансиски лизинг, начинот на нивното доставување и начинот и постапката за нивно оценување.

### Член 2

Кон барањето за издавање дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг се поднесува:

1) Предлог-акт за основање;
2) Предлог назив и седиште на друштвото за лизинг;
3) Уплатница за уплатени парични средства на име основна главнина;
4) Изјава за потеклото на средствата што се вложуваат, со приложување соодветен доказ за изворот на средствата (ревизорски извештај, завршна сметка или друг соодветен доказ за правно лице, односно потврда од банка или друга финансиска институција за висината и датумот на вложените средства и потврда за приходите остварени по други основи за физичко лице);
5) Доказ за идентитификување на лицата кои имаат намера да основаат друштво за лизинг и тоа:
   - за домашно физичко лице фотокопија од лична карта,
   -за странско физичко лице фотокопија од патна исправа и
   -за домашно и странско правно лице извод од регистарот во кој е регистрирано трговското друштво;
6) Уверение од надлежен суд дека физичкото лице - основач на давател на финансиски лизинг не е осудено со правосилна судска пресуда за кривично дело со безусловна казна затвор од најмалку шест месеци;

7) Уверение од Регистарот за забрана за вршење на дејност од Централниот регистар на Република Македонија дека против основачот - домашно лице не е изречена мерка на безбедност - забрана за вршење на професија, дејност или должност, а доколку основачот е странско лице, треба да обезбеди соодветни потврди или уверенија од надлежните институции во странската земја;
8) Документ за образованието и работното искуство на предложените членови на органот на управување;
9) Програма за работа на давател на финансиски лизинг која најмалку треба да содржи:
    - анализа на причините за основање давател на финансиски лизинг и на деловните цели на давателот на финансиски лизинг,

    - осврт на пазарот на кој ќе учествува давателот на финансиски лизинг и видот на лизинг активности кои ќе ги извршува,

    - организациска структура на давателот на финансиски лизинг, со посебен опис на правата и одговорностите на секој организациски дел, како и опис на потребниот број вработени и нивната квалификациска структура и

    - проекција на обемот и природата на лизинг активностите кои ќе ги врши давателот на финансиски лизинг и план на основачот на давателот на финансиски лизинг за идниот развој, од аспект на порастот на сопствените средства за следните три години, како и проекција на финансиските извештаи за следните три години кои треба да содржат: детален биланс на состојба, биланс на успех и извештај за паричните текови со коментар за секоја позиција и основните претпоставки врз кои се темели проекцијата;
10) Интерни процедури за вршење на финансиски лизинг, вклучувајќи критериуми и услови за кредитирање на корисникот на лизинг, кои ќе содржат најмалку податоци за начинот на вршење анализа на клиентите и начин на комуникација со клиентите и
11) Програма за спречување на перење пари, одобрена од Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Доколку како основач на давател на финансиски лизинг се јавува правно лице, покрај прилозите од ставот 1 на овој член се поднесува и:

1) Извод од регистарот во кој е запишано правното лице,

2) Информација за економско финансиската состојба на правното лице издадена од Централниот регистар на Република Македонија,

3) Уверение од Регистарот за забрана за вршење на дејност од Централниот регистар на Република Македонија дека против одговорното лице на

правното лице не е изречена мерка на безбедност - забрана за вршење на професија, дејност или должност,

4) Уверение од трговскиот регистар и регистар на други правни лица при Централниот регистар на Република Македонија дека не е поведена стечајна постапка над правното лице и

5) Уверение од трговскиот регистар и регистар на други правни лица при Централниот регистар на Република Македонија дека не е поведена ликвидациона постапка над правното лице.

Доколку како основач на давател на финансиски лизинг се јавува странско правно лице покрај прилозите од ставот 1 на овој член поднесува и:

1) Извод од регистарот во кој е запишано правното лице,

2) Ревидирани финансиски извештаи од страна на овластен ревизор за последните три години и

3) Потврда, уверение или друг вид на доказ издаден од земјата во која е регистрирано странското правно лице за исполнување на условите од ставот 2 точки 2, 3 и 4 на овој член.

Член 3

Кон барањето за издавање дозвола за статусна промена присоединување или спојување на давател на финансиски лизинг, се поднесува:

1) Одлука на надлежните органи на давателите на финансиски лизинг што се присоединуваат, односно спојуваат за отпочнување постапка за присоединување, односно спојување,
2) Нов статут на давателот на финансиски лизинг кој присоединува, а во случај на спојување статут на новиот давател на финансиски лизинг,
3) Спогодба за присоединување, односно спојување, склучена помеѓу органите на управување на давателите на финансиски лизинг кои се присоединуваат, односно спојуваат. Спогодбата треба соодветно да ги содржи податоците пропишани со Законот за трговски друштва,
4) Програма за работа на давателот на финансиски лизинг кој присоединува, односно на новиот давател на финансиски лизинг, која ќе ги содржи податоците од членот 2 став 1 точка 9 на овој правилник и
5) Барање за издавање согласност за член на орган на управување со соодветна документација, доколку со присоединувањето, односно спојувањето се врши промена на членовите на органот на управување на давателот на финансиски лизинг.

Кон барањето за статусна промена поделба се поднесува:

1) Одлука на надлежен орган на давателот на финансиски лизинг што се дели, за отпочнување постапка за поделба,
2) План за поделба донесен од страна на органот на управување на давателот на финансиски лизинг кој треба соодветно да ги содржи податоците пропишани со Законот за трговски друштва,
3) Почетен биланс на новите даватели на финансиски лизинг од кој ќе може да се види износот на основната главнина. Почетниот биланс се добива по поделбата на побарувањата и обврските на давателот на финансиски лизинг кој се дели и мора да биде ревидиран од страна на овластен ревизор,
4) Доказ дека потребниот износ на парични средства за достигнување на основната главнина се уплатени на привремена сметка кај носител на платниот промет, доколку со поделбата на давателот на финансиски лизинг не е обезбеден потребниот износ на основната главнина на новите даватели на финансиски лизинг и
5) Прилози од членот 2 ставови 1, 2 и 3 на овој правилник.

Член 4

Прилозите од член 2 и 3 на овој правилник се доставуваат во пишана форма до Министерството за финансии.

Член 5

При одлучувањето за издавање на дозвола за основање и работа, односно дозвола за статусни промени на давател на финансиски лизинг се оценува особено:

1) Комплетноста на доставената документација,
2) Дали прилозите се доставени во бараната форма,
3) Утврдување на идентитетот на лицата кои имаат намера да основаат давател на финансиски лизинг, лицата поврзани со нив и нивната правна форма,
4) Оценка на квалификацијата и искуството на членовите на управниот одбор.
5) Оценка на програмата за работа на друштвото за лизинг од аспект на остварливоста на проекцијата на финансиските активности и финансиските извештаи и
6) Утврдување на изворите на средства, нивното потекло и легалност.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.12-18249/2
14 јуни 2011 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески